До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е прашање за можен судир на интереси, со кое од Државната комисија се бара мислење во врска со тоа дали постои судир на интереси при вршење на функцијата член на Училишен одбор во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ во општина Кисела Вода, избрана од редот на родителите при истото училиште и исто така вршење на функцијата член на Совет на општина Кисела Вода.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „**Избрано** или именувано **лице не може истовремено да врши функција на** одговорно лице или **член на орган на управување** или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Државната комисија  извести дека вршењето на функцијата член на Училишен одбор во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ во општина Кисела Вода е неспојлива со вршење на функцијата член на Совет на општина Кисела Вода, како избрано лице на непосредните Локални избори 2025 година.

Воедно, Државната комисија  извести, дека доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 став 4 од  Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:  „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска

противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**